Врз основа на член 385 од Законот за трговските друштва и член 52 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп, а во врска со Одлуката на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп за свикување на Собрание на Акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп до Акционерите на друштвото се објавува:

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02-4115-3
Прилеп 03.10 2024 год.

# ЈАВЕН ПОВИК

За свикување на Собрание на акционери
на Тутунски комбинат АД Прилеп

Член 1

Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп, свикува Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп за ден 04.11.2024г.

Член 2

Собранието ќе се одржи во просториите на работничкиот ресторан при Тутунски комбинат АД Прилеп, локација ул. Прилепски бранители бр.85 Прилеп со почеток во 12.00 часот.

Член 3

За седницата на Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп се утврдува следниот :

## ПРЕДЛОГ – ДНЕВЕН РЕД

**ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

**1. Избор на работни тела на собранието**

**а. Верификациона комисија од 3 члена**

**б. 1 бројач на гласови**

**2. Избор на претседавач на собрание на акционери**

**РАБОТЕН ДЕЛ**

**1. Избор на членови на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп**

***- Предлог одлуки за избор на членови на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп .***

Секој акционер е должен своето присуство да го евидентира во седиштето на Друштвото на ул. Прилепски бранители бр.85 Прилеп, најдоцна до почетокот на седницата на Собранието, односно до 12.00 часот.

Акционери кои поединечно или зеднички поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за точката за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието кое што е свикано се испраќа до Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп во рок од 8 ( осум )дена, од денот кога е објавен Јавниот повик за одржување на седница на Собрание на друштвото, во еден дневен весник.

Акционерите можат да овластат полномошник на седница на Собрание со давање полномошно во писмена форма без обврска да го заверат полномошното кај нотар.
Акционерот треба веднаш да го извести друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно, ќе се смета дека не го дал полномошното.

Сите информации во врска со точките на дневен ред акционерите можат да ги најдат на интернет страницата на друштвото www.tkprilep.com.mk.

Претседател
на Одбор на директори
Сретен Богоевски

---------------------------

„Тутунски Комбинат“ АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7